**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-178/3**
**Скопје, 08.11.2023 година**

Записник од осумдесет и деветта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 08.11.2023 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Ицет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-дин Антонио Јолевски член
г-дин Љубомир Јовески член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Арбер Исаку член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесет и деветата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја отвори осумдесет и деветтата седница и воедно предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка и тоа: Усвојување на записникот од 88-та седница на Советот.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што дневнот ред ќе гласи:

1. Усвојување на записникот од 88(осумдесет и осмата) седница на Советот.
2. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за 2022 година.
3. Донесување на одлука за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител во Јавното обвинителство на РСМ г-дин Бодан Лазаревски.
4. Донесување на одлука за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Струга г-дин Благоја Даскалоски.
5. Разгледување на предлог измената на етичкиот кодекс на јавните обвинители.
6. Разно.

Под точка еден од дневниот ред беше усвоен записникот од 88 (осумдесет и осмата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија г-дин Љубомир Јовески.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија г-дин Љубомир Јовески истакна дека Годишниот извештај на Јавното обвинителство на РСМ се темели врз податоците добиени од страна на Вишите и Основните јавни обвинителства во РСМ, како и од ОЈО ГОКК-Скопје. Воедно се осврна на кадровската состојба по јавните обвинителства во РСМ, и кажа дека во извештајната година вкупно работеле 174 јавни обвинители односно 88 јавни обвинители помалку од предвидените согласно систематизацијата на јавнообвинителските места во РСМ. Во делот на јавнообвинителската стручната служба кажа дека минатата година се вработиле само осум јавнообвинителски службеници и дека овој број е помал од предвидените со систематизација работни места во јавнообвинителската служба по јавните обвинителства во РСМ, и дополни дека пополнетоста со стручна служба по обвинителствата е различна, некаде има доволен број на стручни соработници, а додека во одделни јавни обвинителства се чувствува сериозен недостиг на јавнообвинителската служба. Се осврна на просторните услови и капацитети на јавните обвинителства и кажа дека најизразит е проблемот во ОЈО Гостивар, ОЈО Тетово и ОЈО Кичево. Ги запозна членовите на Советот со материјалната состојба на ЈОРСМ и средства кои му се неопходни за нормално функционирање на ЈОРСМ, и воедно кажа дека овие средства не се доволни и прават сериозни проблеми во делот на извршувањето на функциите на Јавното обвинителство и измирувањето на долговите посебно за вештачења, преводи и други трошоци во делот на истрагите и обвиненијата. Истакна дека извештајот бил доставен до Советот на разгледување и на кратко ги запозна членовите на Советот во делот на работата по конкретните предмети. Ги запозна членовите на Советот со бројката на ново примени предмети против сторители на кривични дела, со бројката на полнолетни, малолетни и НН лица , сторители на кривични дела, како и со бројката на предмети кои останале од претходната година како не завршени предмети. Истакна дека според овие податоци намален е бројот на постапки и тоа на подрачјата на сите јавни обвинителства, така што е забележано намалување на бројот на сторители на кривични дела во основните јавни обвинителства на подрачјето на сите Виши јавни обвинителства. Воедно запозна со бројот на решени кривични пријави, бројот на решени истраги и истраги кои се во тек и бројот на запрени истраги, бројот на кривични пријави кои се решени и кои се во тек во основните јавни обвинителства по подрачјата на Вишите јавни обвинителства. Во однос на ОЈО ГОКК кажа дека истото постапувало против 763 сторители на кривични дела и за постапки кои останале нерешени од 2022 година. Ги запозна и со бројките од Одделението за гонење на кривични дела извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворска полиција кое постапувало во изврштајната година. За основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје како најголемо обвинителство и со најголем број на предмети во работа ги запозна членовите на Советот со вкупната бројка на предмети и кажа дека најголем број и процент на предмети му припаѓаат на ОЈО Скопје. Исто така се осврна на посебните извршни мерки дека во текот на 2022 година имало посебни истражни мерки применети во вкупно 53 случаи против 413 лица со утврден идентитет и 2 лица со неутврден идентитет. Воедно ги запозна членовите на Советот со бројката на решени и отфрлени кривични пријави, со бројот на поднесени обвинителни предлози, предлози за казнен налог и за бројот на предлог спогодби. Во однос на примената на член 44 од ЗКП во 2022 година, ги запозна во бројката на лица со кои биле решени кривични пријави, како и бројката на предмети по основ на примената на чл.43 од ЗКП. Исто така, ги запозна членовите на Советот со бројот на примената на мерката притвор за 2022 година. Исто така, ЈО на РСМ ги извести членовите на Советот со бројот на спроведени истраги, бројот на решени и нерешени истраги, за бројот на поднесени

жалби, бројот на пресуди, ослободителни пресуди, одбивателни пресуди, со бројот на изречени казни затвор, со бројката на изречени парични казни. Исто така членовите на Советот беа запознаени со бројката на предмети по кои постапувале судовите врз основа на поднесените обвиненија во 2022 година, и бројот на поднесени БЗЗ. Исто така се осврана и на податокот на вонредните правни лекови и бројката по која ЈОРСМ постапувало и со бројката на прифатени и отфрлени иницијативи. Воедно заклучи дека врз основа на овие покажува дека Јавното обвинителство и покрај намалениот број на јавнообвинителски кадар постигнува успешни резултати и дека како проблем останува не доволното финансирање на обвинителството и во делот на пополнувањето на јавнообвинителските места, како и во делот на јавнообвинителската стручна служба., а за подобрувањето на состојбите кажа дека зависи од Собранието на РСМ и Министерството за финансии на РСМ.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодати на Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески на излагањето на Годишниот извештај по што отвори дискусија по оваа точка од дневвниот ред.

Збор зема г-дин Антонио Јолевски истакна дека извештајот дава јасна слика за состојбите во Јавното обвинителство во поглед на материјалните, просторни услови како и кадровската состојба со јавни обвинители и стручната служба во обвинителствата, како и со постапувањето по предметите на јавните обвинители во сите јавни обвинителства. Потенцираше дека го загрижува состојбата како со јавно обвинителскиот и стручниот кадар по јавните обвинителства. Кажа дека буџетските средства не зависат од Јавното обвинителство и дека предвидените 0,4% од буџетските средстав на РСМ кои се предвидени за Јавното обвинителство треба да бидат обезбедени за нормално функционирање на јавните обвинителства, за подмирување на тековните трошоци во делот на вештачењета, вештите лица и останатите тековни трошоци. Се осврна во делот на пријавите, кажа дека секоја година има помал прилив на пријави, така што споредбено гледајќи од 2020 година, бројката на познати сторители е намален за 5000 кривични пријави. Кажа дека и покрај намалениот број на јавни обвинители, но од друга страна кажа дека околу 900 пријави се решени повеќе од приливот и смета дека оваа бројка е ниска поради намалениот прилив за 2000 предмети помал од претходната 2021 година. Со мислење е дека јавните обвинители би требало повеќе да се ангажираат од причина што излегува дека опаѓа трендот на решени кривични пријави. Исто така се задржа и на квалитетот и потребата од менување на методологијата за изготвување на годишните извештаи каде смета дека со новата методологија ќе се дојде по поточни бројки во квалитетот на работењето. Се осврна и во делот на уважени и отфрлени жалби како и на високата бројка на БЗЗ каде од 195 примени 11 биле прифатели, а 115 неприафети додека останатите небиле решени. Постави прашање дали таа бројка се должи на ненавремено доставување на списите на јавните обвинителства или судовите. Воедно позитивно го оцени годишниот извештј на ЈОРСМ во делот на комплетноста и содржината на сите податоци. Се надева дека состојбите ќе се подобрат отткако идната година јавно обвинителските места ќе се пополнат со кадар од кандидатите со завршена АСЈО.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески кажа дека нема податоци бидејќи станувало збор само за иницијатива и кога таа доаѓа од Јавното обвинителство зашто не се прифаќа да му се образложи на обвинителството во делот на воедначување на постапувањето, кажа дека можеби станува збор за пропуст и дека некој јавен обвинител во конкретен случај не дал образложение. Даде појаснување во делот на намалената бројка на кривичните пријави и потенцираше дека Јавното обвинителство работи со 1/3 помалку јавни обвинители од предвидените согласно систематизацијата. Се согласи дека ваквата состојба не е во сите јавни обвинителства и дека во некои јавни обвинителства, јавните обвинители би требало по ажурно да постапуваат и да решеваат поголем број на предмети. Во делот на укинатите кажа дека процентот од 25% заслужува анализа, но мора реално да се види од каде произлегува таа бројка и да се направат анализи. Во делот на БЗЗ кажа можеби се касни со списите, па оттука и таа бројка е толку висока.

Г-дин Ицет Мемети му се заблагодари на Јавниот обвинител на РСМ на опсежното излагање на извештајот. Кажа дека станува збор за извештај кој е поквалитетно изработен од претходните години, поготово во делот на податоците од што членовите на Советот можеле да извлечат заклучоци за работењето на јавните обвинителства. Смета дека недостасува воедначен пристап кон изготвување на годишните извештаи, и воедно даде предлог да се изнајде начин истите да бидат поедначени, така што ќе се изготвуваат по нова методологија, а се со цел да се створи подобра слика за состојбите и работата на јавните обвинителства во РСМ. Даде пофалба што има податоци и од 2020,2021 и 2022 година. Истакна дека од овие податоци може да се види дека обемот на работа по јавните обвинителства опаѓа и тоа во голем процент. Од друга стрна кажа дека се алармира од недостаток на јавно обвинителски кадар по јавните обвиниелства. Укажа на податокот и смета дека треба да се алармира на буџетските средтсва кои се наменети за правосудството. Се сложи дека има потреба од јавно обвинителски кадар и кажа дека видно од извештајот станува збор за други состојби, а тоа е дека нема ажурност во работењето во одредени јавни обвинителства. Воедно даде пример вкаде едно јавно обвинителство со само еден јавен обвинител успеало во 90% да го совлада приливот на предмети, а дека има јавни обвинителства кои работата со скоро пополнет капацитет, а неуспеваат да го совладаат приливот на предмети. Даде предлог да има позачестени контроли по јавните обвинителства, како редовни така и вонредни контроли. По донос на контролите искажа загриженост од нивната ефикасност, и смета дека нема ефект од истите, каде истакна дека има сериозни прекршувања и пропусти во работењето. Во однос на ОЈО Гостивар, ОЈО Тетово и ОЈО Кичево кажа дека ефектите ќе се видат наредната година од причина што оваа година овие јавни обвинителства биле пополнети со јавнообвинителски кадар. Укажа на загрижувачката бројка која била дискутирана, а се однесува на ВЈО Скопје каде над 70 % од кривичните пријави биле поднесени од страна на МВР. Кажа дека голем процент од тие пријави биле отфрлени од МВР, кој податог го загрижил Советот и било дебатирано во однос на тоа. Запраша на што се должи тој тренд, дали на неквалитетно изготвени кривични пријави или пак на неквалитетно и ажурно постапување на јавните обвинители. Се осврмна и на водењето на евиденција на уписниците, каде каже дека од страна на Советот било пофалено ОЈО ГОКК-Скопје, каде сите предмети се евидентирани, што не е случај и со останатите јавни обвинителства цо РСМ. Потенцираше дека заклучоците се концизни и прецизни и воедно позитивно го оцени Годишниот извештај на ЈОРСМ за 2022 година.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески даде појаснување во делот на изготвувањето на извештаите и кажа дека е тежок проблем од смесла што ЈОРСМ на јавните обвинителства им доставува образец по кој истите треба да дадат податоци. Кажа дека во определени јавни обвинителства во РСМ, неможе да се бара таков пристап и дека истите работат по свои принципи, од причина што истите немаат потенцијал да постапат сходно тој образец. Кажа дека точно е тоа дека има намалување на бројот на обемот на работа, но неможе да се знае дали овој тренд на опаѓање ќе продолжи. Истакна дека највеќе се изместени состојбите после пандемијата, како и дека има промена и на структурата на криминалот. Смета дека после две до три години може да се зборуува за овој тренд или пак ќе има други трендови во делот на видот на криминалот. Во однос на контролите истакна дека секогаш биле некој вид на проблем, но потенцираше дека истите се добар механизам за да се координираат работите на јавните обвинителства, но исто така и да им се помогне на основните јавни обвинителства каде нема довоно ресурси од јавни обвинители. Водно кажа дека Вишите јавни обвинителства два пати во годината ги прават тие контроли. Во поглед на уписниците кажа дека сите предмети се евидентирани, и дека во најскоро време ќе се помине на електронско евидентирање на предметите.

Г-дин Ицет Мемети кажа дека виден е проблемот со евинденција на предметите, но битно е да се изнајде решение за да се надмине тој проблем. Кажа дека клучно е воведувањето на овој проект за електронски водење на предметите, со кој проект се касни, но смета дека кога ќе стапи во употреба смета дека ќе се подобрат состојбите. Во

однос на кривичните пријави од МВР, има чувство дека затајува соработката помеѓу органите.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески се сложи со сугестиите во поглед на пријавите, но воедно посочи и на квалитетот во работата на јавните обвинители и дека и тој податок треба да биде согледан.

Г-ѓа Светлана Жупаноска се осврна на прашањето за намалениот број на сторители на кривични дела, а со тоа и на поднесени кривични пријави во оваа извештајна година, споредено со претходните две години, а кое прашање беше коментирано од останатите колеги. Кажа дека видно и од самиот извештај истото се должи пред се на намалување на кривичните пријави кои се однесуваат на кривичните дела против здравјето на луѓето, а кои што за време на пандемијата со КОВИД- 19 бележеа зголемен раст. Во претходните 2 извештајни години постоел висок прилив на предмети како резултат на сторено кривично дело – Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија. Но за сметка на тоа, во оваа извештајна година забележан е одреден раст на предметите кои се однесуваат на кривични дела против животот и телото и на кривичните дела против имотот. Во однос на кривичните пријави против НН лица од претходните години кои изнесуваат околу 66.700 и кои се префрлени во работа во извештајната година, запраша на што се должи ваквата бројка. На крај даде пофални зборови за предметите кои се сработени од страна на јавните обвинители, бидејќи видно од извештајот во вкупниот број на донесени пресуди од страна на судот во 2022 година, осудителните пресуди учествуваат со 91,4 % .

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески во поглед на пријавите против НН лица, одговори дека во однос на овие пријави била превземена определена акција од страна на сите јавни обвинителства и дека има напредок. Кажа се додека со МВР нема електронска размена на податоци ќе се појавува овој проблем. Смета дека и голем број од овие пријави биле и покасно доставени, па оттука и бројката е висока.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари на Јавниот обвинител на РСМ за опсежното излагање на Годишниот извештај за 2022 година, кажа дека истиот е пресек на целовкупното работење на ЈОРСМ, дека истиот е доста прегледен и ги има сите показатели во однос на работењето на сите јавни обвинителства во РСМ. Кажа дека истиот позитивно го оценува и ќе гласа за негово усвојување.

Пред да се помине на гласање за усвојување на извештајот на ЈОРСМ, од страна на членовите на Советот беше одлучено првин да се поминат останатите точки од дневниот ред, а потоа да се гласа за усвојување на Годишниот извештај на ЈОРСМ за 2022 година.

Се помина на точката три од дневниот ред каде што Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот, дека јавниот обвинител во ЈОРСМ г-дин Бодан Лазаревски на ден 13.11.2023 година, ги исполнува условите за старосна пензија, со што Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функцијата.

Предлогот од страна на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителства на Република Северна Македонија за г-дин Бодан Лазаревски, поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст заклучно со 13.11.2023 година.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Совето г-ѓа Душица Димитриеска исто така ги извести членовите на Советот, дека јавниот обвинител во ОЈО Струга г-дин Благоја Даскалоски на ден 15.11.2023 година, ги исполнува условите за старосна пензија, со што Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функцијата.

Предлогот од страна на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител Основното јавно обвинителство Струга за г-дин Благоја Даскалоски, поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст заклучно со 15.11.2023 година.**

Под точката пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека од страна на Здружението на ЈО до Советот бил доставен предлог измени на Етичкиот кодекс, истиот бил поделен на членовите на Советот на разгледување, дека било разговарано на таа тема, биле изградени ставови од страна на членовите на Советот и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Антонио Јолевски кажа дека предлозите за измените се во ред, кажа дека има мали технички забелешки кои би требало да се додат во Кодексот во членовите 7 ст.3 и ст.6 како и во чл.10 ст.6.

Г-дин Ермон Незири се согласи со искажаните забелешки и воедно го подржи предлогот и кажа дека ќе гласа за усвојување на Етичкиот кодекс од причина што ќе биде отстранета забелешкта добиена од страна на Европската унија и скрнигот во однос на Етичкиот кодекс. Кажа дека Советот е тело кое се грижи за јавните обвинители и им дава дозвола на јавните обвинители да коментираат до одредена мера одлуки на Советот на јавните обвинители и на ЈОРСМ.

Г-дин Ицет Мемети кажа дека сите членови во Советот се согласни со дадените измени, дека било разговрано по истите и ќе гласа за усвојување на Етичкиот кодекс.

**Закчучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, го усвои Етичкиот кодекс на јавните обвинители со укажаните измени и дополнувања и воедно беше одлучено да се вметнат измените во текстот и истиот биде ставен на веб страницата на Советот.**

**Измените на Етичкиот кодекс се во чл.7 ст.3 каде после запирката по зборот "заеми" се додава зборот "гостољубивост".**

**Во истиот член во ст.6 втората реченица се менува и гласи "Нематеријална корист, исто така подразбира попуст во цени и услуги поради функцијата на јавниот обвинител, бесплатен професионален совет на јавниот обвинител, бесплатни оброци, пијалоци, патувања, сместувања или други трошоци поврзани со присуство на состаноци, конференции, обуки или други настани.**

**Во во членот10 ст.6 се менува и гласи " Јавните обвинители во јавните настапи треба да внимаваат да не го нарушат професионалниот и личниот углед, како и угледот на Јавното обвинителство и Советот на јавните обвинители на РСМ."**

Под точка разно од дневниот ред збор зема г-дин Ицет Мемети ги извести членовите на Советот за добиеното писмо од страна на испекторатот за употреба на јазиците при Министерството за правда на РСМ. Кажа дека Советот побарал инспекторите да дојдат во просториите на Советот наместо да се достават бараните акти во Инспекторатот. Воедно кажа дека истите бараат само шаблони за де се провери колку се употребува албанскиот јазик во институцијата Совет на јавните обвинители на РСМ, во делот на меморандумите, печатите, одлуките, записниците, изјавите итн. Кажа дека биле извадени теркови од овие акти и кажа дека истите ќе бидат доставени до Инспекторатот, и истиот ќе донесе заклучок за употребата на албанскиот јазик во институцијата. Воедно истакна дека Советот има потреба од преведувач и лектор и

дека има закон каде сите изнституции се должни да донесат Правилник за употреба на јазикот.

Отткако никој не зема збор по оваа точка од дневниот ред Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески ја напушти седницата по што се пристапи кон гласање за усвојување на Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства во Јавното обвинителство на РСМ за 2022 година, по што членовите на Советот донесоа:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот, го разгледа и позитивно ги оцени Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за 2022 година.**

Отткако никој не зема Претседателот на Советот ја заклучи осумдесет и деветтата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**